РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/16
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ. БР.05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на РМ бр.6/12,166/14,150/15) година и член 29 став 1 точка 45 од Статутот на општина Центар Жупа (Сл. Гласник на Општина Центар Жупа бр.16/2020 година). Советот на општина Центар Жупа на 13-та редовна седница, одржана на 25.12. 2023 година донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА ЗА 2024 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Центар Жупа има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, должна е да изработи годишна програма во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса.

Ваквите нееднаквости се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина и организацијата на општеството.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основните цели на активностите на општина Центар Жупа во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа програма се:

-Прибирање на Родово разделени податоци каде што ќе биде изготвен документ со родово-разделени податоци со број на жени/мажи вработени по позиции во училишта, број на

жени/мажи вработени по позиции во општина, број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријати и број на жени/мажи управители во фирми.

- Унапредување на знаењето на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје бидејќи постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, и поголема едукација за болестите кои се својствени на современите услови на живеење, а во соработка со матични лекари, здравствени установи и лекари специјалисти ќе се организираат предавања за советување за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од заболувања.
- Економско јакнење на жените во општината со помош на невладини организации со нивни активности прифатени од општината за нивна реализација како што се организирање обуки за полесно вклучување на пазарот на труд на невработени жени во општината.
- Со организирање на предавања во училиштата на територијата на општината децата ќе се запознаат со штетното влијание од подолго користење на компјутерите и мобилните телефони во текот на денот. Од страна на стручни лица со присуство и на вработени во училиштата ќе се одржат неколку предавања со тема технологијата и влијанието врз децата.
- Одржување на предавања за врсничкото насилство особено онлајн насилството наречено сајбер насилство.

3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Центар Жупа за 2024 година се пред сè, координаторката и заменичката координаторка за еднакви можности поддржана од Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Центар Жупа.

Обврска и одговорност на администрацијата да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од родов аспект сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Реден број	**Активност**	**Времетраење**	**Буџет на проектот-мкд**	**Одговорни за имплементација/ партнери**	**Извори на финансирање**	**Индикатори**
1.	Прибирање на Родово разделени	Јануари-Деке	10,000,00	Општината (КЕМ, координаторката за еднакви можности),	Буџет на општина Центар Жупа	Изготвен документ со родово-разделени податоци со: - Број на

	податоци	мври 2024		советот на општина Центар Жупа, Невладини организации		жени/мажи вработени по позиции во училишта; -број на жени/мажи вработени по позиции во општина; број на жени/мажи управители во фирми;
2.	Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и Заштита на сопственото здравје со организирање на предавања.	Јануари-Декември 2024	30.000,00	Општината (КЕМ, координаторката за еднакви можности), НВО во соработка со Медицински центар, училишта	Буџет на општина Центар Жупа,	Зголемен степен на знаење за сопственото женско здравје
3.	Економско јакнење на жените во општината со организирање обуки за полесно вклучување на пазарот на труд за невработените жени во општината.	Јануари – Декември 2024	40.000,00	Општинска администрација, Невладина организација Радика Де, Комисија за еднакви можности, образовни институции.	Буџет на општина Центар Жупа	- жени обучени за олеснување во можноста за вработување и вклучување на пазарот на труд
4.	Унапредување на здравјето кај децата со советување за штетното влијание од подолго користење на компјутерите и мобилните телефони во текот на денот	Јануари – Декември 2024	10.000,00	КЕМ во соработка Со здр.инстит., Медицински центар и Директори на училишта,НВО	Буџет на општина Центар Жупа	- Најмалку 30 деца (момчиња и девојчиња) обучени за влијанијата на технологијата врз здравјето - За 20% зголемено знаење за влијанијата на технологијата врз здравјето

						на децата
5.	Советување за сајбер насилство и булинг кај децата	Јануари – Декември 2024	10.000,00	Општината во соработка со НВО, и училиштата	Буџет на општина Центар Жупа	- најмалку 30 деца (момчиња и девојчиња) обучени за сајбер насилството - за 20% зголемено знаење за препозанавање сајбер насилство кај децата
ВКУПЕН БУЏЕТ					**100.000,00 МКД**	

Совет на Општина Центар Жупа
Претседател на Совет
Бирџан Селман